# *СЛУЖБЕН ГЛАСНИК*
# *НА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО*


| | | |
|---|---|---|
| **Службен гласник на Општина Пехчево** | **Среда 27.06.2018 год.** | **Уредува:** |
| | | **Душко Миовски** |
| **Излегува по потреба** | **Број 06 - Година 2018** | **Општина Пехчево** |
| **Гласникот е бесплатен** | | **тел. (033) 441-321** |


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр. 06/2016), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на актите од Советот на општина Пехчево**

Се објавуваат актите донесени од Советот на општина Пехчево на деветтата седница одржана на ден 27.06.2018 година, во Службен Гласник на општина Пехчево и тоа:

1. Одлука за усвојување на програма за работа на Советот на општина Пехчево за 2018 година;
2. Одлука за усвојување на анекс на годишната програма за работа на ООУ ,,Ванчо Китанов,, - Пехчево за учебната 2017-2018 година;
3. Одлука за промена на седиштето на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево;
4. Одлука за усвојување на одлуката за изменување и дополнување на Статутот на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево;
5. Одлука за разрешување и именување на членови на Надзорен одбор за контрола на материјално - финансиското работење на ЈКП Комуналец Пехчево;
6. Одлука за усвојување на годишен план за вработување во ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за 2019 година;
7. Одлука за усвојување на квартален извештај за извршување на буџетот на општина Пехчево за период од 01.01.2018 година до 31.03.2018 година;
8. Одлука за усвојување Ребаланс на Буџетот на општина Пехчево за 2018 година;
9. Одлука за ослободување од надоместок за користење на Урбана опрема (настрешница) на Здружението на пензионери - Пехчево;
10. Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти за време на Фестивалот на дувачки оркестри ,,Пехчевски Павловден,, - 2018 од 12-14 јули;
11. Одлука за определување на начинот на распределба и цената за користење на просторот на плоштадот, за вршење на дејности за време на Фестивалот на дувачки оркестри ,,Пехчевски Павловден,, - 2018 од 12-14 јули;

12. Заклучок за утврдување на вклопување на бесправен објект, изграден на дел од КП.бр. 457 КО Пехчево на Ванчо Јовевски;
13. Заклучок за утврдување на вклопување на бесправен објект, изграден на дел од КП.бр. 1115 КО Пехчево на Мирјана Лазарска;
14. Заклучок за утврдување на вклопување на бесправен објект, изграден на дел од КП.бр. 161 КО Пехчево на Сашко Мазаров;
15. Заклучок за утврдување на вклопување на бесправен објект, изграден на дел од КП.бр. 317 КО Пехчево на Димитар Бојчовски;
16. Заклучок за утврдување на вклопување на бесправен објект, изграден на дел од КП.бр. 573 КО Пехчево на Душко Каликов;
17. Заклучок за утврдување на вклопување на бесправен објект, изграден на дел од КП.бр. 330/4 КО Пехчево на Димче Марковски;
18. Заклучок за утврдување на вклопување на бесправен објект, изграден на дел од КП.бр. 543 КО Пехчево на Михаил Китански;
19. Заклучок за утврдување на вклопување на бесправен објект, изграден на дел од КП.бр. 963 КО Пехчево на Драган Шоповски;
20. Заклучок за утврдување на вклопување на бесправен објект, изграден на дел од КП.бр. 963 КО Пехчево на Сања Буровска;
21. Заклучок за утврдување на вклопување на бесправен објект, изграден на дел од КП.бр. 586/1 КО Пехчево на Љупчо Кажлевски;
22. Заклучок за утврдување на вклопување на бесправен објект, изграден на дел од КП.бр. 908 КО Пехчево на Илија Галазовски;
23. Одлука за отпис на застарени обврски кон ликвидирани/неактивни добавувачи;
24. Одлука за давање согласност за формирање паралелки од I до IX одделение со помалку од 24 ученици во ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево и подрачните училишта за учебната 2018/2019 година;
25. Одлука за измена и дополнување на Програмата за изработка на планови за општина Пехчево за 2018 година бр. 08-1389/1 од 22.12.2017 година;
26. Одлука за разрешување и именување на член на Управен одбор на ЈПУД Равен - Пехчево;
27. Одлука за објавување на јавен оглас за избор на директор на ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево;

Бр. 09-800/1
27.06.2018 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Трençовски с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на одлуката за усвојување на програма за работа на Советот на општина Пехчево за 2018 година**

СЕ ОБЈАВУВА одлуката за усвојување на програма за работа на Советот на општина Пехчево за 2018 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на деветтата седница одржана на ден 27.06.2018 година.

Бр. 09-800/2
27.06.2018 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15, член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 30 став 1 точка 3 од Статутот на општина Пехчево (Сл. Гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на ден 27.06.2018 година донесе:

**О Д Л У К А**

**за усвојување на програма за работа на советот на општина Пехчево за 2018 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево ја усвојува програмата за работа на советот за 2018 година.

**Член 2**

Програмата за работа на советот на општина Пехчево за 2018 година, е составен дел од оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-773/1
27.06.2018 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на Р.Македонија бр 5/2002), член 30 став 1 точка 3 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр. 06/2016) и член 130 од Деловникот за работа на советот на општина Пехчево, Советот на општина Пехчево на седницата, одржана на 27.06.2018 година, донесе:

# ПРОГРАМА
## за работа на Советот на општина Пехчево за 2018 година

I. ОПШТ ДЕЛ

Според надлежностите што се определени со Уставот на Република Македонија, Законот за локалната самоуправа, Статутот и Деловникот за работа на Советот на општина Пехчево, Советот донесува Програма за работа за 2018 година.

Во Програмата се обележани основните рамки и насоки за работа на Советот во календарската 2018 година согласно со надлежностите кои се во ингеренции на Советот. Програмата овозможува транспарентност во работата на Општината и е отворена за постојано проширување и дополнување согласно со укажувања на заинтересирани субјекти и поединци од општината.

II. ПОСЕБЕН ДЕЛ

Прво тримесечие - период ЈАНУАРИ - МАРТ 2018 година

**1. Завршна сметка на општина Пехчево за 2017 година**
Изготвува: Одделение за финансиски прашања
Разгледува: Комисија за финансирање и буџет
Донесува: Совет на општина Пехчево

**2. Донесување на програма за работа на Советот на општина Пехчево за 2018 година**
Изработува: Комисија за изготвување на програма за работа на советот на општина Пехчево
Донесува: Совет на општина Пехчево
Реализира: Совет на општина Пехчево

**3. Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локални патишта и улици во општина Пехчево за 2018 година**
Изготвува: Одделение за урбанизам, комунални дејности, заштита на животна средина и ЛЕР
Разгледува: Комисија за урбанизам и комунални дејности.
Усвојува: Совет на општина Пехчево
Реализира: Општина Пехчево

**4. Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести во 2018 година**
Изработува: Одделение за инспекциски работи - Инспекторат
Донесува: Совет на општина Пехчево
Реализира: општина Пехчево
**5. Завршна сметка на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за 2017 година**
Изготвува: ЈКП Комуналец - Пехчево

Разгледува: Комисија за финансии и буџет
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**6. Извештај за работењето на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за 2017 година**
Изготвува: ЈКП Комуналец - Пехчево
Разгледува: Комисија за урбанизам комунални дејности и животна средина
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**7. Финансиски план за работа на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за 2018 година**
Изготвува: ЈКП Комуналец - Пехчево
Разгледува: Комисија за финансии и буџет
Усвојува: Совет на општина Пехчево
Реализира ЈКП Комуналец - Пехчево

**8. Годишен план за јавни набавки за 2018 година на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево**
Изготвува: ЈКП Комуналец - Пехчево
Разгледува: Комисија за финансии и буџет
Усвојува: Совет на општина Пехчево
Реализира ЈКП Комуналец - Пехчево

**9. Завршна сметка на ЈПУД „Равен„ - Пехчево за 2017 година**
Изготвува: ЈПУД Равен - Пехчево
Разгледува: Комисија за финансии и буџет
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**10. Извештај за работењето на ЈПУД „Равен„ - Пехчево за 2017 година**
Изготвува: ЈПУД Равен - Пехчево
Разгледува: Комисија за урбанизам комунални дејности и животна средина
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**11. Финансиски план за работа на ЈПУД „Равен„ - Пехчево за 2018 година**
Изготвува: ЈПУД Равен - Пехчево
Разгледува: Комисија за финансии и буџет
Усвојува; Совет на општина Пехчево
Реализира ЈПУД Равен - Пехчево

**12. Усвојување на програма за одржување на јавно зеленило во општина Пехчево за 2018 година**
Изготвува: Одделение за урбанизам, комунални дејности заштита на животна средина и ЛЕР
Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности и животна средина
Усвојува: Совет на општина Пехчево
Реализира: Совет на општина Пехчево

**13. Усвојување на програма за изработка на Урбанистички планови во општина Пехчево за 2018 година**
Изготвува: Одделение за урбанизам, комунални дејности, заштита на животна средина и ЛЕР
Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности и животна средина
Усвојува: Совет на општина Пехчево

Реализира: Совет на општина Пехчево

**14. Програма за работа на одделението за урбанизам, комунални дејности, заштита на животна средина и ЛЕР за 2018 година**
Изготвува: Одделение за урбанизам, комунални дејности и заштита на животна средина
Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности и животна средина
Усвојува: Совет на општина Пехчево
Реализира: Совет на општина Пехчево

**15. Усвојување на завршна сметка на матична библиотека „Кочо Рацин„ - Пехчево за 2017 година**
Изготвува: Стручна служба при матична библиотека ,,Кочо Рацин,, - Пехчево
Разгледува Комисија за финансии и буџет
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**16. Усвојување на завршна сметка на ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево за 2017 година**
Изработува: Стручна служба при ОЈУДГ ,,7 Септември,, - Пехчево
Разгледува: Комисија за финансии и буџет
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**17. Усвојување на завршна сметка на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево за 2017 година**
Изготвува: Стручна служба при Дом на културата Јане Сандански Пехчево
Разгледува: Комисија за финансии и буџет
Усвојува:Совет на општина Пехчево

**18. Усвојување на завршна сметка на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за 2017 година**
Изготвува: Стручна служба при ООУ ,,Ванчо Китанов,, - Пехчево
Разгледува Комисија за финансии и буџет
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**19. Усвојување на полугодишниот извештај за работа на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за учебната 2017/2018 година**
Изготвува: Стручна служба при ООУ ,,Ванчо Китанов,, - Пехчево
Разгледува Совет на општина Пехчево
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**20. Програма за одбележување на значајни празници и настани за 2018 година**
Изготвува: Комисија за одбележување на значајни празници и настани.
Усвојува: Совет на општина Пехчево
Реализира: општина Пехчево

**21. Програма за изработка на Урбанистички планови на територијата на општина Пехчево за 2018 година**
Изработува: одделение за урбанизам, комунални дејности заштита на животна средина и ЛЕР
Донесува: Совет на општина Пехчево

**Квартал Април - Јуни 2018 година**

**1. Квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Пехчево за период Јануари - Март 2018 година**
Изготвува: Одделение за финансиски прашања
Разгледува: Комисија за финансии и буџет
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**2. Измена и дополнување на Буџетот на општина Пехчево (Ребаланс на Буџет) за 2018 година**
Изготвува: Одделение за финансиски прашања
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**3. Извештај за зимското одржување на улиците во општина Пехчево за 2018 година**
Изготвува: ЈКП Комуналец - Пехчево
Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животна средина
Реализира: ЈКП Комуналец - Пехчево
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**4. Информација за здравствената исправност на водата за пиење во општинскиот водовод - Пехчево и чешмите во излетничките места во општина Пехчево за 2018 година**
Изготвува: ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево во соработка со ЈЗО - ЗЗЗ Кочани
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**5. Извештај за работењето на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за периодот 2017 - 2018 година**
Изготвува: ООУ ,,Ванчо Китанов,, - Пехчево
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**6. Извештај за работењето на ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево за периодот 2017 - 2018 година**
Изготвува: ОЈУДГ ,,7 Септември,, - Пехчево
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**7. Информација за состојбата со градските гробишта во општина Пехчево за 2018 година**
Изготвува: ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**8. Информација за состојбата со спортската сала Јане Сандански, спортски терении и објекти во општина Пехчево, за 2018 година**
Изготвува: ООУ ,,Ванчо Китанов,, - Пехчево
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**9. Донесување, изменување и дополнување на урбанистичките планови во општина Пехчево во текот на 2018 год. Реализацијата ќе биде во текот на целата година согласно постапките за нивно донесување;**
Изготвува: Одделение за урбанизам, комунални работи и животна средина и ЛЕР
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**Квартал Јули - Септември 2018 година**

**1. Квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Пехчево за период Април - Јуни 2018 година;**
Изготвува: Одделение за финансиски прашања
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**2. Годишна програма за работа на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за учебната 2018/2019 год**
Изготвува: ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**3. Годишна програма за работа на ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево за 2018/2019 година**
Изготвува: ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**4. Извештај за реализација на средствата приберени по основ на комунална такса за јавно осветлување на општина Пехчево за периодот Јануари - Јуни 2018 година**
Изготвува: Одделение за финансиски прашања
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**5. Годишен извештај за Јавната безбедедност на подрачјето на општина Пехчево за 2018 година**
Изготвува: ПС - Берово, Полициско одделение Пехчево
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**6. Информација за наплата на комуналните такси во 2018 год.**
Изготвува: ЈКП Комуналец - Пехчево
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**7. Информација за состојбата со депонијата на територијата на општина Пехчево и предлог мерки за заштита**
Изготвува: Инспектор за комунални работи и заштита на животна средина во соработка со ЈКП „Комуналец„ - Пехчево
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**8. Програма за одбележување на „7-ми Септември„ ден на ослободување на Пехчево за 2018 година**
Изготвува: Комисија за одбележување на значајни настани
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**Квартал Октомври - Декември 2018 година**

**1. Квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Пехчево за периодот Јули - Септември 2018 година**
Изготвува: Одделение за финансиски прашања
Разгледува: Комисија за финансии и буџет
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**2. Ребаланс на Буџетот на општина Пехчево за 2018 година**
Изготвува: Одделение финансиски прашања
Разгледува: Комисија за финансии и буџет
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**3. Предлог - Буџет на општина Пехчево за 2019 година**
Изготвува : Одделение за финансиски прашања
Разгледува: Комисија за финансии и буџет
Усвојува: Совет на општина Пехчево

**4. Програма за одржување на улиците во зимски услови во општина Пехчево за 2018/2019 година**
Изготвува: Одделение за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина
Усвојува: Совет на општина Пехчево

III. НОРМАТИВЕН ДЕЛ

Со овој дел од Програмата за работа на Советот на општина Пехчево се обработува нормативната дејност на Советот што треба да се извршува во текот на 2018 година. Советот ќе донесува нормативни акти за усогласување на постојните прописи во изминатиот период, како и нормативни акти што треба да се донесат од страна на Советот врз основа на прописите, што ќе бидат донесени во текот на 2018 година.

IV. ЗАВРШЕН ДЕЛ

За извршување на Програмата за работа на Советот на општина Пехчево се задолжуваат предлагачите и изготвувачите да се придржуваат на роковите утврдени со програмата. Во текот на 2018 година Советот на општината ќе ги разгледа и сите тековни прашања што спаѓаат во негова надлежност согласно член 36 од Законот за Локална самоуправа. Извршувањето на Програмата на Советот на општина Пехчево ќе зависи од законските и пред се од финансиските предуслови на општината и на другите субјекти со кои се поврзани зацртаните активности од истата.

08-773/2
27.06.2018

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на одлуката за усвојување на анекс на годишната програма за работа на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за учебната 2017-2018 година**

СЕ ОБЈАВУВА одлуката за усвојување на анекс на годишната програма за работа на ООУ ,,Ванчо Китанов„ - Пехчево за учебната 2017-2018 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на деветтата седница одржана на ден 27.06.2018 година.

Бр. 09-800/3
27.06.2018 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/02) и член 30 став 1 точка 27 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 - Пречистен текст), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 27.06.2018 година донесе:

**О Д Л У К А**

**за усвојување на анекс на годишната програма за работа на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за учебната 2017/2018 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево го усвојува анексот на годишната програма за работа на ООУ ,,Ванчо Китанов„ - Пехчево за учебната 2017/2018 година.

**Член 2**

Анексот на годишната програма за работа на ООУ ,,Ванчо Китанов„ - Пехчево за учебната 2017/2018 година бр.03-77/1 од 07.05.2018 година, е составен дел од оваа Одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-774/1
27.06.2018 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

## Анекс кон годишната програма за учебната 2017/18

ООУ„Ванчо Китанов“ - Пехчево

# Програма за антикорупциска едукација на учениците



Програмата „Антикорупциска едукација за учениците од основните училишта“ е основа за воспоставување вредносен систем што ќе ги промовира придобивките од доброто владеење и однесување. Заменувајќи ги лошите навики и пораки со добри и истакнувајќи ги позитивните примери, ученикот ќе може да ја препознае корупцијата и да се заштити од

оваа негативна општествена појава. Програмата ќе овозможи учениците да можат да ги препознаваат механизмите за спречување на корупцијата, да го сфатат штетното влијание на корупцијата во општеството, како и улогата на Државната комисија за спречување на корупција во Република Македонија и механизмите преку кои таа дејствува.

**Методологија на реализирање**

- предавања за запознавање на учениците со поимите, можностите за заштита и превентивно делување кон корупциските активности;
- работилници за антикорупциска едукација на учениците, со чија помош истите ќе бидат ставени во активна ситуација, во која ќе земат учество;
- запознавање на пошироката јавност со активностите поврзани со борбата против корупцијата преку работата на учениците;
- покана и учество на личности поврзани со борбата против корупцијата.

Целите кои ги вклучува програмата за антикорупциска едукација, посветена на учениците од основните училишта, е тие да бидат запознаени со одредени поими, односно преку одредени активности да разберат за корупцијата и антикорупцијата, да анализираат ситуации, личности и настани поврзани со корупцијата, да се ставаат во друга ситуација и преку совладување на материјата да станат активни граѓани, коишто ќе придонесат кон развојот на модерното демократско општество.

**Цели на проектот**

Ученикот/ученичката е потребно:

- да се запознае со поимите корупција, антикорупција, интегритет и етичност;
- да се запознае што значи „одолевање на социјален притисок“;
- да знае за облиците во кои може да се појави корупцијата и начинот на спречување и заштита од истата;
- да ги препознава механизмите за спречување на корупцијата;
- да го сфати штетното влијание на корупцијата во општеството;
- да ја сфати улогата на Државната комисија за спречување на корупција во Република Македонија и механизмите преку кои таа делува;
- да анализира како и каде може да се појави корупцијата и на кој начин може да се спречи истата;
- да се стави во ситуација, во која ќе има активна улога, преку која ќе разбере за антикорупцијата и за потребата од антикорупциска едукација и

- да се стави во улога на активен граѓанин, кој ќе придонесе за развојот на Република Македонија.

## Поими

Корупција, антикорупција, интегритет, етичност, социјален притисок, механизми за спречување на корупцијата, Државна комисија за спречување на корупција, пари, подароци, облека, храна, услуги.

Реченици посветени на корупцијата (слогани/пароли)
а) Носечка реченица: Корупција - ја сечеш гранката на којашто седиш.
б) Други реченици посветени на корупцијата напшани на англиски и француски јазик;

| **Програма за антикорупциска едукација на учениците** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Ред. Бр.** | **Активности** | **Цели** | **Соработници** | **Време** | **Очекувани исходи** |
| 1. | Донесување програма за активностите на тимот. Дефинирање на целна група, и одредување на содржината и методот на антикорупциските предавања | Да се запознае тимот со активностите што следуваат | Влатко Шалески - наставник по граѓанско образование, Николина Каракашова - наставник по географија, Александра Ковачовска - наставник по англиски јазик, Магдалена Поповска- наставник по француски јазик, Александар Параскoв - наставник по музичко образование | ноември, 2017 | Формирање тим и изработка на програма за антикорупциска едукација на учениците |
| 2. | Донесување и усвојување на програмата за активностите на тимот | Да се доделат задолженија на членовите на тимот | Влатко Шалески - наставник по граѓанско образование, Николина Каракашова - наставник по географија, | ноември, 2017 | Изработена програма за антикорупциска едукација |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Александра Ковачовска – наставник по англиски јазик, Магдалена Поповска- наставник по француски јазик, Александар Парасков – наставник по музичко образование | | |
| 3. | - Поим за корупција, антикорупција, интегритет, социјален притисок, етичност - предавање<br><br>- Поим за корупција, антикорупција, интегритет, социјален притисок, етичност – запознавање со поимите на час на одделенска заедница (VI-IX одд.) | Да се запознаат учениците со поимите корупција, антикорупција, интегритет и етичност. | Одделенските раководители од VI-IX одделение;<br><br>Влатко Шалески – наставник по граѓанско образование, Николина Каракашова – наставник по географија, Александра Ковачовска – наставник по англиски јазик, Магдалена Поповска- наставник по француски јазик, Александар Парасков – наставник по музичко образование | декември, 2017 | Поголем број на ученици имаат јасна претстава за наведените поими |
| 4. | ***„Немој да ја сечеш гранката на којашто седиш“*** – работилница | Да се пронајдат начини и модули како да се справиме со корупцијата | Влатко Шалески - наставник по граѓанско образование, Николина Каракашова – наставник по географија, Александра | јануари, 2018 | Развивање на култура на нетолеранција кон корупцијата |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Ковачовска – наставник по англиски јазик, Магдалена Поповска- наставник по француски јазик, Александар Параcков – наставник по музичко образование | | |
| 5. | Креирање на антикорупциско катче каде ќе бидат изложени изработките на учениците кое секоја година ќе се обновува | Изложување на изработките од учениците на видливо место во училиштето | Одделенските раководители од VI-IX одделение;<br><br>Влатко Шалески - наставник по граѓанско образование, Николина Каракашова – наставник по географија, Александра Ковачовска – наставник по англиски јазик, Магдалена Поповска- наставник по француски јазик, Александар Параcков – наставник по музичко образование | февруари - јуни, 2018 | Информираност на целото училиште и пошироката јавност за активностите на учениците |
| 6. | Запознавање на пошироката јавност со активностите на учениците | Да се запознае пошироката јавност со активностите спроведени во врска со антикорупциската едукација во | Администраторите на официјалната Facebook страна на училиштето;<br><br>Влатко Шалески – наставник по граѓанско образование, | ноември 2017 – јуни 2018 | Информирана јавност |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | нашето училиште | Николина Каракашова – наставник по географија, Александра Ковачовска – наставник по англиски јазик, Магдалена Поповска- наставник по француски јазик, Александар Параскoв – наставник по музичко образование | | |
| 7. | Евалуација и извештај за реализирани активности на Програмата за антикорупција | Да се согледаат ефектите од изученото | Влатко Шалески – наставник по граѓанско образование, Николина Каракашова – наставник по географија, Александра Ковачовска – наставник по англиски јазик, Магдалена Поповска- наставник по француски јазик, Александар Параскoв – наставник по музичко образование | февруари, 2018 | Сумирање на ефектите од програмата и предлог акционен план за подобрување и идни активности; Извештај |

**Наставни средства**

- Прирачник за наставниците за часовите кои се дел од воннаставните активности, во рамките на проектот „Програма за антикорупциска едукација на учениците од основните училишта"

- Работни листови за наставниците за часовите кои се организирани на воннаставните активности во рамките на проектот „Програма за антикорупциска едукација на учениците од основните училишта“

- Power point презентација во која се објаснуваат основните поими дадени за учениците;

- Краток филм на тема антикорупција;

- Хамер, фломастери, листови во боја, маркери, лепило, ножици;

- Лаптоп, прожектор.

***** Сите активности се изведуваат во вонаставните активности по предметот граѓанска култура во VIII одделение. За сите активности времетраењето на часовите е 40 минути.

**Тим за антикорупциска едукација при ООУ„Ванчо Китаннов“ - Пехчево**

- Влатко Шалески – наставник по граѓанско образование;
- Николина Каракашова – наставник по географија;
- Александра Ковачовска – наставник по англиски јазик;
- Магдалена Поповска- наставник по француски јазик;
- Александар Параско в – наставник по музичко образование

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлуката за промена на седиштето на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА одлуката за промена на седиштето на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на деветтата седница одржана на ден 27.06.2018 година.

Бр. 09-800/4
27.06.2018 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/02) и член 30 став 1 точка 42 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 - Пречистен текст), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 27.06.2018 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за промена на седиштето на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево дава согласност за промена на седиштето на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево.

**Член 2**

Седиштето на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево се менува од улица ,,Истра,, бр.40 во улица ,,Јулија Веселинска,, бр.40 - Пехчево.

**Член 3**

Одлуката за промена на седиштето на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево да се достави до Централен регистар и ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила од денот на објавување во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-775/1
27.06.2018 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлуката за усвојување на одлуката за изменување и дополнување на Статутот на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА одлуката за усвојување на одлуката за изменување и дополнување на Статутот на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на деветтата седница одржана на ден 27.06.2018 година.

Бр. 09-800/5 Градоначалник на
27.06.2018 год. Општина Пехчево
Пехчево Драган Трენчовски с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/2002) и член 30 точка 25 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 - Пречистен текст), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 27.06.2018 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на одлуката за изменување и дополнување на Статутот на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево ја усвојува одлуката за изменување и дополнување на Статутот на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево бр. 01-227/3 од 04.05.2018 год.

**Член 2**

Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево бр. 01-227/3 од 04.05.2018 год, е составен дел на оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-776/1 Совет на општина Пехчево
27.06.2018 година Претседател
Пехчево Николчо Јовчев с.р

ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ КОМУНАЛЕЦ
бр. 01-227/3
04.05.2018 год.
ПЕХЧЕВО

Врз основа на член 19 и член 29 од Законот за јавни претпријатија (Службен весник на РМ бр. 38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 41/2014, 138/2014, 25/2015, 61/2015, 39/2016 и 64/2018), член 14 и член 49 од Статутот на ЈКП "Комуналец" - Пехчево, Управниот одбор на седницата одржана на ден 04.05.2018 година донесе

**ОДЛУКА**
**за изменување и дополнување на Статутот на ЈКП "Комуналец" - Пехчево**

Член 1

Во Статутот на ЈКП "Комуналец" - Пехчево бр. 01 - 484/1 од 19.12.2012 година, членот 5 се менува и гласи:

"Седиштето на ЈКП "Комуналец" - Пехчево се наоѓа на ул. "Јулија Веселинска" бр. 40 во Пехчево."

Член 2

Во член 12 став 3 во алинејата 3 точката и запирката на крајот од реченицата се заменува со сврзникот "и".

Во алинејата 4 точката и запирката на крајот од реченицата се заменуваат со точка.

Алинеите 5 и 6 се бришат.

Член 3

Во членот 14 став 1 алинејата 4 се менува и гласи:

"Ги усвојува тримесечниот извештај кој содржи показатели за финансиското работење, годишната сметка и извештајот за работењето на јавното претпријатие;"

Во алинејата 8 зборовите "и систематизација" се бришат.

Член 4

Во член 17 став 3 во алинејата 3 точката и запирката на крајот од реченицата се заменува со сврзникот "и".

Во алинејата 4 точката и запирката на крајот од реченицата се заменува со точка.

Алинеите 5 и 6 се бришат.

Во ставот 6 по зборот "прегледува" се додаваат зборовите: "тримесечните извештаи кои содржат показатели за финансиското работење,".

Во ставот 7 по зборот "усвои" се додаваат зборовите: "тримесечните извештаи кои содржат показатели за финансиското работење,".

Член 5

Во член 19 став 2 во алинејата 5 по зборовите ФЦЕ (FCE Cambridge English: First) - положен сврзникот "или" се заменува со запирка, по зборовите "Булатс (BULATS) - најмалку 60 бода сврзникот "и" се заменува со сврзникот "или" и се додаваат зборовите: "АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2(B2)", а сврзникот "и" на крајот од реченицата се заменува со точка.

Алинејата 6 се брише.

Член 6

Во член 20 став 1 алинеја 11 точката на крајот од реченицата се заменува со точка и запирка, и се додаваат 9 нови алинеи 12, 13, 14, 15, 16, 17, 18, 19 и 20 кои гласат:

"- Изготвува финансиски план, годишен плн за јавни набавки годишен план за вработување;

- Формира комисии за водење на дисциплинска постапка, за оценување на административните службеници и давателите на јавни услуги, за селекција на постапка за вработување и унапредување;

- Објавува оглас за вработување на даватели на јавни услуги и помошно - технички лица, доставува барање до Агенцијата за администрација за објавување на оглас за вработување на административни службеници;

- Донесува одлука за избор на кандидат по огласот и склучува договори за вработување;

- Донесува наредби, издава налози за извршување на одредени работи во претпријатието;

- Изрекува дисциплински мерки;

- Учествува во работата на Управниот одбор без право на глас и дава мислење и предлози во врска со конкретни прашања;

- Ги објавува на веб страницата на претпријатието тримесечниот извештај кој содржи показатели за финансиското работење, годишната сметка и извештајот за работењето на претпријатието;

- Врши и други работи утврдени со закон и Статутот.".

Член 7

Во членот 21 ставот 5 се брише.

Член 8

Во член 24 став 1 по зборот до се додаваат зборовите "Управниот одбор, односно".

По ставот 3 се додава нов став 4, кој гласи:

"Директорот е должен да ги објави тримесечниот извештај кој содржи показатели за финансиското работење, годишната сметка и извештајот за работењето на јавното претпријатие на веб страницата на јавното претпријатие.

Член 9

Во член 26 став 1 во алинејата 6 сврзникот "и" на крајот од реченицата се заменува со запирка.

Во алинејата 7 точката на крајот од реченицата се заменува со сврзникот "и" и се додава нова алинеја 8, која гласи:

"- ако и по истекот на рокот определен во Законот за јавни претпријатија не ги објави тримесечниот извештај кој содржи показатели за финансиското работење, годишната сметка и извештајот за работењето на јавното претпријатие на веб страницата на јавното претпријатие.".

Член 10

Во член 31 по ставот 2 се додаваат пет нови става 3 ,4, 5, 6 и 7 кои гласат:

"Претпријатието е должно да ги доставува до основачот усвоените тримесечни извештаи кои содржат показатели за финансиското работење, најдоцна 20 дена по истекот на тримесечјето.

Претпријатието е должно по усвојувањето на тримесечниот извештај кој содржи показтели за финансиското работење од страна на управниот одбор на јавното претпријатие, истиот да го објави на својата веб страница најдоцна 30 дена по истекот на тримесечјето.

Претпријатието ако нема веб страница, извештајот од ставот 4 на овој член е должно да го објави на веб страницата на основачот.

Претпријатието е должно годишните сметки и финансиските извештаи да ги објави на својата веб страница во рок од 15 дена од денот на доставување на годишната сметка до Централниот регистар.

Претпријатието ако нема веб страница, годишните сметки и финансиските извештаи од ставот 6 на овој член е должно да ги објави на веб страницата на основачот.".

Член 11

Да се утврди пречистен текст на Статутот на ЈКП "Комуналец"-Пехчево.

Член 12

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добивањето согласност од Советот на општина Пехчево и објавувањето во Службен гласник на општина Пехчево.

04.05.2018 година
Пехчево

Управен одбор
на ЈКП "Комуналец" - Пехчево
Претседател
Ванчо Мустачки

ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ "КОМУНАЛЕЦ" п.о. ОПШТИНА ПЕХЧЕВО 2

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на одлуката за разрешување и именување на членови на Надзорен одбор за контрола на материјално - финансиското работење на ЈКП Комуналец Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА одлуката за разрешување и именување на членови на Надзорен одбор за контрола на материјално - финансиското работење на ЈКП Комуналец Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на деветтата седница одржана на ден 27.06.2018 година.

Бр. 09-800/6
27.06.2018 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.05/02), член 17 од Законот за јавните претпријатија (Сл.Весник на Р.М. бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16)и член 30 став 1 точка 26 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 - Пречистен текст), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 27.06.2018 година донесе:

**О Д Л У К А**

**за разрешување и именување на членови на Надзорен одбор за контрола на материјално - финансиското работење на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево**

**Член 1**

1. Андрејчо Поповски се разрешува од должноста член на надзорен одбор на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево, поради истек на мандат;
2. Даниел Стефановски се разрешува од должноста член на надзорен одбор на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево, поради истек на мандат;
3. Соња Ѓорѓиевска се разрешува од должноста член на надзорен одбор на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево, поради истек на мандат;
4. Крсте Стефановски се разрешува од должноста член на надзорен одбор на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево, поради истек на мандат;
5. Елена Демјанска се разрешува од должноста член на надзорен одбор на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево, поради истек на мандат;

За нови членови на надзорен одбор за контрола на материјално - финансиското работење на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево се именуваат:

Елена Демјанска - Пехчево
Ванчо Бучев - Пехчево
Дарко Лесански - Пехчево
Благојчо Гиздовски - Пехчево
Митко Мицевски - Пехчево

**Член 2**

Членовите на надзорен одбор за контрола на материјално - финансиското работење на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево се именуваат за период од 4 (четири) години со право на повторно именување.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-777/1<br>27.06.2018 година<br>Пехчево

Совет на општина Пехчево<br>Претседател<br>Николчо Јовчев с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлуката за усвојување на годишен план за вработување во ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за 2019 година**

СЕ ОБЈАВУВА одлуката за годишен план за вработување во ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за 2019 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на деветтата седница одржана на ден 27.06.2018 година.

Бр. 09-800/7 Градоначалник на
27.06.2018 год. Општина Пехчево
Пехчево Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/2002), член 30 став 1 точка 42 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 - Пречистен текст), а во врска со член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор, (Сл.Весник на РМ бр.27/14, 199/14 и 27/16), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 27.06.2018 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Годишен план за вработување во ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за 2019 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево го усвојува Годишниот план за вработување во ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за 2019 година бр. 01-194/1 од 13.04.2018 година.

**Член 2**

Годишниот план за вработување во ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за 2019 година бр. 01-194/1 од 13.04.2018 година, е составен дел од оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-778/1 Совет на општина Пехчево
27.06.2018 година Претседател
Пехчево Николчо Јовчев с.р

---

ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ КОМУНАЛЕЦ
Бр 01-194/1
13.04.2018 год

**Прилог 1 – Образец на годишен план за вработување**

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

| | |
|---|---|
| БР. И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ.: | 01-194/1<br>13.04.2018 година |

| | |
|---|---|
| ИНСТИТУЦИЈА: | ЈКП "Комуналец" - Пехчево |
| ЗА ГОДИНА: | 2019 |
| ЕМБС НА ИНСТИТУЦИЈАТА: | 5168368 |
| ЕДБ НА ИНСТИТУЦИЈАТА: | 4001997103328 |
| ДАТУМ НА ПОДГОТОВКА: | 12.04.2018 година |

| | Име и презиме | Потпис |
|---|---|---|
| Подготвил:<br>(го потпишува на датумот на подготовка) | Снежана Димовска | |
| Одобрил:<br>(го потпишува на датумот на подготовка) | Билјана Аспровска | |
| **РАКОВОДНО ЛИЦЕ НА ИНСТИТУЦИЈАТА:**<br>(го потпишува на датумот на подготовка и на датумот на донесување) | Билјана Аспровска | |

ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ОПШТИНА ПЕХЧЕВО "КОМУНАЛЕЦ" п.о. 2 ПЕХЧЕВО

## ДЕЛ 1. СОСТОЈБА ВО ТЕКОВНАТА ГОДИНА

***Табела 1.*** Планирана бројна состојба на крајот на тековната година

| | Опис | ВКУПНО | Македонци | Албанци | Турци | Срби | Власи | Роми | Бошњаци | Други |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| а | Моментално вработени во институцијата (на датумот на пополнување на годишниот план) | 27 | 24 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 | 0 | 0 |
| б | Планирани пензионирања и најавени заминувања во тековната година (заклучно со 31 декември тековната година) | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| в | Планирани нови вработувања во тековната година (заклучно со 31 декември тековната година) | 2 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| г | **Планирана бројна состојба на 31 декември тековната година (г = а - б + в)** | 29 | 26 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 | 0 | 0 |

# ДЕЛ 2. ПЛАНИРАНИ ДВИЖЕЊА НА КАДАРОТ ВО СЛЕДНАТА ГОДИНА

***Табела 2.*** Планирано пополнување на работни места преку унапредување и/или распоредување во следната година

<table>
<tr><td colspan="6">Дали планирате пополнување на работни места преку унапредување и/или распоредување на вработените во рамките на институцијата, заклучно со 31 декември следната година? (заокружете)</td><td></td><td>НЕ</td></tr>
<tr><td colspan="7">Доколку одговоривте со ДА, наведете го ВКУПНИОТ број на работни места кои планирате да ги пополните преку унапредување и/или распоредување во рамките на институцијата: (наведете број)</td><td></td></tr>
<tr><td colspan="8">Наведете ги работните места кои планирате да ги пополните преку интерен оглас и/или решение за распоредување:<br>(внесете кратко образложение за причината и по потреба додадете нови редици...)</td></tr>
<tr><td>р. бр</td><td>на работно место (шифра и назив)</td><td>во орг. един.</td><td>во рамки на орг. един.</td><td>во рамки на орг. един.</td><td colspan="3">кратко образложение</td></tr>
